**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.02.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 895 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 февруари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Во „Дневникот" во 19 часот, емитуван на ТВ Сител на 10 февруари 2016 година, беше реализирано интервју на одговорниот уредник на Телевизијата Драган Павловиќ Латас со претседателот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија Зоран Заев, кое траеше од 19:14:30 до 19:58:35.

Интервјуто, како претежно информативен новинарски жанр, подразбира дијалошка форма во која водителот посредува помеѓу личноста којашто е поканета на интервју и публиката, на тој начин што поставува прашања и му остава простор на соговорникот да одговори на нив за - на публиката да и се пренесе подетална елаборација за темата/темите кои се повод за разговорот, како и некоја нова информација. Имајќи предвид дека интервјуто не е цел самото за себе, туку треба на публиката да и даде можност самостојно да оформи став за прашањата за кои се разговара, но и за соговорниците, се очекува дека при интеракцијата ќе се почитуваат општоприфатените стандарди на новинарската професија, етичноста, достоинството на личноста и на професијата. Тоа не значи дека нема да бидат поставувани провокативни прашања, но подразбира дека при разговорот ќе се задржат професионалната дистанца, пристојноста и ќе се почитува културата на говорот.

Во разговорот кој се одвиваше во студиото на ТВ Сител честопати соговорниците говорат истовремено така што е тешко да се следи кој што и кому кажува. Гостинот во повеќе наврати бара да

му биде даден простор да одговори. Се користат изрази кои не доликуваат на новинарско интервју претворајќи го од провокативно во дрско и непристојно. Новинарот инсистира на договор за облог во кој „победникот" ќе добие возило од другиот. Присутни се низа обвинувања и навреди кои во еден миг ескалираат дотаму што водителот - со цел да го навреди соговорникот вели: „Лажеш како Турчин" со што всушност изрекува навреда за турската нација.

Наместо интервју во кое различните гледишта и мислења ќе добијат еднаков третман со што публиката ќе може слободно да оформи сопствено мислење за актуелните општествено - политички теми - гледачите видоа непримерен начин на комуникација, кавга и навреди.

Без каква било професионална дистанца, без почитување на достоинството на соговорникот и на низа други личности споменати во разговорот, наместо интервју реализирано според правилата за овој новинарски жанр, гледачите беа сведоци на комплетно отсуство на култура на говорот и неетичност.

На ваков начин ТВ Сител ги прекршува начелата од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (**член 61 став 1 алинеја** 1); еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот (**член 61 став 1 алинеја 2**); поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло (**член 61 став 1 алинеја** 3); почитување на пресумпцијата на невиност (**член 61 став 1 алинеја 5**); објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (**член 61 став 1 алинеја 9**).

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, дека со интервјуто со претседателот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија Зоран Заев, емитувано во „Дневникот" од 19 часот на 10 февруари 2016 година, ги прекрши начелата од **член 61 став 1 алинеи 1, 2, 3, 5 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** за: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста; еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло; почитување на пресумпцијата на невиност; објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

***Сектор за програмски работи***